ЗАПИСНИК
од седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје 6 ноември, 2019 г.

Присутни: Петре ШИЛЕГОВ (Градоначалник на Град Скопје), Максим ДИМИТРИЕВСКИ (Градоначалник на Општина Куманово), Теута АРИФИ (Градоначалник на Општина Тетово), Ивица ТОШЕВСКИ (Градоначалник на Општина Ранковце), Благој БОЧВАРСКИ (Градоначалник на Општина Штип), Стефан БОГОЕВ (Градоначалник на Општина Карпош), Наташа ПЕТРОВСКА (Градоначалник на Општина Битола), Коста ЈАНЕВСКИ (Градоначалник на Општина Струмица), Аце КОЦЕВСКИ (Градоначалник на Општина Велес), Константин ГЕОРГИЕВСКИ (Градоначалник на Општина Охрид), Миликије ХАЛИМИ (Градоначалник на Општина Арачиново), Саша БОГДАНОВИЌ (Градоначалник на Општина Центар), Тони БОЈКОВСКИ (Претседател на Совет на Општина Гази Баба), Илија ЈОВАНОВСКИ (Градоначалник на Општина Прилеп).

Дискусија:

На оваа сеница Управниот одбор го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за одржување на петтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Разгледување на предлог Буџет, План за работа на ЗЕЛС и План за јавни набавки за 2020 година;
3. Усвојување на измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2019 година;
4. Избор на членови на Комисија за стратешко планирање при ЗЕЛС;
5. Избор на нов член на делегација на ЗЕЛС во Советот на Европа;
6. Информација од последната средба на Мрежата за ТППЕ при ЗЕЛС за воведување на системот 112, подржан од ЕУ;
7. Разгледување на предлогот од работна група задолжена за утврдување на формално-правниот аспект и дефинирање на идните чекори во процесот на децентрализација;
8. Презентација на условите за учество на Дубаи ЕКСПО;
9. Разгледување на иницијатива од Куманово за измена на Законот за експропријација;
10. Разгледување на иницијатива од општина Могила за статусот на месните заедници;
11. Разгледување на иницијатива од неколку општини околу одржување на регионалните патишта;
12. Разгледување на барање од АДКОМ за заедничка средба со УО;
13. Писмо за поддршка ПВЦ (Public sector services);
14. Разгледување на барањето на Здружение на Пензионери за потпишување на нов Меморандум за соработка;
15. Разно

Управниот одбор одлучи да го усвои предложениот дневен ред со замена на редоследот на точките при што точката 8 да се разгледува како прва точка, а останатите точки редоследно последователно.

**ПРВА ТОЧКА**: Презентација на условите за учество на Дубаи ЕКСПО

На седницата присутвуваа претставници ов Министерството за надворешни работи кои го информираа Управниот одбор за концептот на претставување на саемот Дубаи ЕКСПО 2020 година. Претставници од Владата на Република Северна Македонија ја претставија можноста на локалните власти за презентирање на „ДУБАИ- ЕКСПО„ што ќе се одржи од 20 октомври, 2020 до 10 април, 2021 година. Предвидено е општините да се презентираат први, во период од 25 дена, односно некаде до средината на ноември 2020 година, при што просторот на павилјонот од 385 м2 е обезбеден бесплатно, а постојат и низа други поволности околу транспортот на материјалите и слично. Беше заклучено ЗЕЛС до општините да ги испрати сите подетални информации за овој настан, а тие до 15 декември, 2019 година да се изјаснат за нивната заинтересираност за учество на „Дубаи Експо“.

Замислата е темата на претставување на нашата држава да биде камилицата, а низ тоа и сите убавини, специфики, економски можности за инвестирање и развој на Републиката. Саемот нуди можност за продажба на производи, посебни панел - екрани за рекламирање, закуп на простории за состаноци и презентации.. Секоја општина би ги претставила своите карактеристики и можности за инвестирање. Станува збор за уникатна можност за презентирање. Контактите се дистрибуирани до сите општини заради нивно информирање за учеството, а Управниот одбор е запознат со прашањата поврзани со логистиката, како што е обезбедување на визи, испраќање на промотивни материјали на организиран начин преку посебен транспортен контејнер кој на општините ќе им се понуди бесплатно.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор заклучи дека постои интерес за учество на оштините на ѝ настанот Дубаи ЕКСПО 2020.

Се задолжува струќната служба на ЗЕЛС да узврши базично истражување и да ги извести општините во Републиката за можностите за учество на настанот Дубаи ЕКСПО 2020, со подготоци за просечното чинење на организираниот престој на делегациите на општините на настанот.

На општините им се препорачува во рок најдоцна до 15 декември да одговорат со информација за интерес за учество на настанот.

**ВТОРА ТОЧКА**: Одлука за свикување на 5-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС

Следната седница на Генералното сњобрание со предложените точки на дневен ред беше разгледана од страна на Управниот одбор со оглед на неговата статутарна обврска да донесе соодветна одлука за негово свикување.

Управниот одбор разгледа повеќе термини за одржување на следната седница при што беше утврден датумот, времето, а стручната служба на ЗЕЛС беше задолжена да спроведе постапка за јавна набавка за хотелски и угостителски услуги за организирање на Генералното собрание на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе одлука да го свика Генералното собрание на ЗЕЛС на 5 декември, 2019 г. во Скопје.

Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да спроведе постапка за јавна набавка за хотелски и угостителски услуги за закуп на простор.

Управниот одбор му предлага на Генералнот Собрание да расправа по следниот предлог:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од 4-та седница.
2. Одлука за усвојување на финансискиот план на ЗЕЛС за 2020 г.
3. Одлука за усвојување на Акцискиот план на ЗЕЛС за 2020 г.
4. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС
5. Одлука за избор на нов член во Комитетот на совети, орган на ЗЕЛС.
6. Разно.

ТРЕТА ТОЧКА: Усвојување на предлог – финансискиот план (буџет) на ЗЕЛС за 2020 г., планот за работа (акциски план) на ЗЕЛС за 2020 г. и План за јавни набавки на ЗЕЛС за 2020 г.

Присутните без информирани дека со предлог – буџетот се опфатени стандардните активности кои ЗЕЛС тековно ги спроведува. На делот на расходната страна, за следната година е предвидена набавка на нов лифт заради исполнување на обврски согласно Закон за овозможување пристап до институциите на лица со телесна попреченост.
Планот за јавните набавки кој го разгледува управниот одбор предвидува тековна набавка на услуги за одржување на информациските системи, складирање на податоците на клауд систем.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор го усвои Предлог Буџетоте на ЗЕЛС за 2020 година, Предлог – Планот за работа на ЗЕЛС за 2020 г. и му предлгана Генералното Собрание истите да ги усвои на својата прва наредна седница.

Управниот одбор го усвои Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2020 г.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за формирање на Комисија за изготвување на Стратешки план на ЗЕЛС за периодот 2021 – 2025 г.

Присутните беа информирани дека за да се изготви нов стратешки план, потребно е (од редот на членовите на Управниот одбор) да се изберат лица за членови во оваа Комисија. Од Комисијата се очекува да изврши консултација со општините во Републиката за нивните предлози, идеи, концепти и нови предизвици, да изготви нацрт – текст кој ќе биде дистрибуиран на дополнително одобрување, пред истиот да биде ставен на усвојување како предлог од страна на Управниот одбор, кој ќе го достави на Генералното Собрание на ЗЕЛС на конечно усвојување.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор одлучи за членови на Комисија за стратешко планирање да ги избере, г. Петре ШИЛЕГОВ, Претседател на ЗЕЛС, Илија Јовановски, претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС, Костантин Георгиески, градоначалник на Охрид и член на Управниот одбор и Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Избор на член во делегацијата при Советот на Европа.

Досегашниот член, г-ѓа Теута АРИФИ, го извести Управниот одбор на ЗЕЛС дека се повлекува од вршењето на функцијата член на делегацијата при Советот на Европа.

Управниот одбор предложи, на местото на г-ѓа Теута АРИФИ да се избере г. Висар ГАНИУ, градоначалник на општина Чаир, но по претходна комсултација.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор одлучи да се прифати барањето на досегашниот плен на Советот на Европа г-ѓа Теута АРИФИ и на нејзино место да се избере г. Висар ГАНИУ, а оваа Одлука да стапи на сила по извршена кумулација со г. ГАНИУ и негово прифаќање на својството делегат.

**ПЕСТА ТОЧКА**: Разгледување на предлогот од работна група задолжена за утврдување на формално- правниот аспект и дефинирање на идните чекори во процесот на децентрализација;

Присутните беа информирани дека Работната група формирана од страна на ЗЕЛС а со која Претседава Претседателот на Владата во изминатиот период имаше неколку состаноци со цел да се сублимираат заедничките ставови односно она што е афирмирано од страна на ЗЕЛС, а со цел пристапување кон следна фази на децентрализација. На посебна седба организирана во Маврово (с. Леуново) , беше пренесен концептот кој го разгледува работната група заради давање можност за коментари и предлози за подобрување на зацртаните цели.

Министерството за локална самоуправа има преземено обврска да го изготви текстот на прописите кои ќе бидат доставени на разгледување, а преку кои ќе се спроведат зацртаните цели кои се истовремено и дел од функционалната анализа која за оваа цел е подготвена од страна на овој орган.

Практично, со следната фаза од процесот на децентрализација може да се опфати се, освен националните паркови, односно дека на ЗЕЛС му е дадена можност да се усогласи за тоа што се е потребно да биде децентрлизаирано.

Беше укажано дека со Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и со Министерството за финансии не може да се најде заеднички јазик за тоа што би значела следната фаза на децентрализација и во кој обем истата треба да се реализира. Конечно, клучно е да се обезбеди задолжителен механизам на обезбедување на соодветни финансиски средства за преземените идни нови надлежности.

Во однос на прашањето за формирање и организирање на општинска полиција, за истите е побарано да се обезбедат возила, обуки и опрема за кадарот, што само по себе би зачело огромни финансиски средства. Ова истовремено кога надлежностите на општинска полиција би се однесувале само на обезбедување на јавниот ред и мир во смисол на комуналните надлежности. Побарано е да се изврши децентрализација во надлежноста за водење на матичните книги, издавање возачки дозволи и лични карти, но и надлежноста за издавање на дозволите за работа на ноќните клубови.

Присутните беа информирани дека политичката состојба е специфична и истата не дозволува брз прогрес и реализација на предложените концепти со оглед на закажаните предвремени парламентарни избори.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа и прифати информацијата за прогресот во работата на работната група во насока на спроведување на следната фаза на процесот на децентрализација.

**СЕДМА ТОЧКА**: Информација за воведувањето на сисмот за известување 112

Управниот одбор беше детално информиран за Проектот подржан од Европската унија за воведување на единствениот систем за известување 112.

Мрежата на Терирорујалните противпожарни единци при ЗЕЛС одржа своја седница на која на седницата беа поканети и присуствуваа претставници од Делегацијата на Европската Унија во Скопје кои го презентираа проектот за поддршка во воведувањето на единствениот

систем за повикување 112, кој се спроведува во неколку фази и ги вклучува сите единици на локалната самоуправа кои имаат сопствени противпожарни единици. Проектот подразбира воспоставување на информативен центар за повикување, со обучен персонал кој ќе ги презема повиците, ќе ги внесува податоците за пријавената непогода во единствениот информациски систем кој ќе биде воспоставен за оваа намена и на тој начин ќе овозможи координација и организирање на расположливите единици заради справување со актуелната состојба. Системот ќе биде надгледуван и од државните институции како Дирекцијата з заштита и спасување и Центарот за управување со кризи кои ќе имаат увид и кои во рамките на своите надлежности ќе можат да преземаат одредени мерки на координација и упатување на потребни ресурси.

Од општините се очекува да го прифатат и да го подржат овој систем, со тоа што од нивна страна ќе биде потребно да задолжат лице од редот на вработените кој ќе пристапува во системот и ќе ги прима пренасочените повици, но и ќе ги внесува сите пред-дефинирани потребни податоци. За оваа фаза е предвидена и детална обука за овие лица кои ќе бидат назначени од Командирите на ТППЕ за секоја единица посебно. Во оваа фаза се врши меѓусебно информирање, но и консултација и подготовка за претстојните активности од поголем обем.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС да ја разгледа и профати информацијата поврзана со проектот на Европската унија за воведување на единствениот систем за известување 112 и побара од општините во Републиката да ги подржат и активно да се вклучат во реализацијата на претстојните активности.

**ОСМА ТОЧКА**: Разгледување на барањето на општина Могила за промена на статусот на месните заедници во правни лица

Управниот одбор беше запознат со иницијативата, а беше укажано дека за ова прашање се разговара и во рамките на работната група за децентрализација, со тоа што за ова прашање е потребно да се донесе одлука за моделот на идното функционирање на месната самоуправа, односно утврдување на делокругот на работа, потребните ресурси и финансиските средства наспроти бенефитот од ваквата промена на статусот.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на иницијативата на општините од Пелагонискиот плански регион

Општините Новаци, Могила, Крушево и Долнени се обратија до Управниот одбор со барање за упатување на институционално барање до Јавното претпријатие за државни патишта заради надминување на проблемот со одржувањето и чистењето на регионаните патишта кои не се во надлежност на општината. Имено, овие општини, заради неажурност на ЈП Македонија пат, самостојно ги одржуваат овие делници а за тоа не добиват средства со трансферите кои им следат согласно Законот за јавните патишта. Од оваа причина, побараа да се овозможи ова одржување и понатану да го вршат конкретните општини, но за ова да склучат договор со ЈПДП и за тоа да добијат соодветни финансиски средства.

Кон барањето се приклучи и општина Ранковце која се соочува со истиот проблем, а овде и од аспект на редовната контрола на искористеност на регионалните патишта од страна на товарни возила над дозволената носивост.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја прифаќа иницијативата на општините Новаци, Могила, Крушево и Долнени и за ова прашање со предлог за склучување на договри за одржување на патиштата ќе се обрати до Агенцијата за патишта.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА**: Иницијатива на АДКОМ за одржување на заедничка средба на Управниот одбор на оваа организација со Управниот одбор на ЗЕЛС

ЗЕЛС и АДКОМ имаат склучено меморандум за соработка, а оттука произлегува и иницијативата за одржување на заедничка средба на Управниот одбор на двете организации. Темата на состанокот би била дискусија во врска со усогласување на взаемните стратегии на работење, усвојување на заеднички документи како планови за активности и дискусија во однос на статусот на јавните претпријатија, прашањето за примена на прописите од областа на управувањето со водните ресурси итн. АДКОМ му предлага на Управниот одбор за оваа цел да се организира дводневна работилница на која ќе се отворат сите прашања и ќе се донесат клучни стратешки одлуки за заеднички настап пред државните органи и институции.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа и ја прифаќа иницијативата на АДКОМ. За терминот на одржување на предложената работилница ќе се спроведе взаемно усогласување во претстојниот период.

**ЕДИНАЕСТА ТОЧКА**: Разгледување на барањето на СЗПМ за продолжување на важноста на склучениот Меморандум за соработка

ЗЕЛС и Сојузот на здруженија на пензионерите имаат склучено Меморандум за соработка врз основ ан акој во изминатиот период се преземени повеќе активности во корист на овие здруженија. Иницијатива е да се склучи нов Меморандум за соработка со кој ќе се продолжи и прошири опфатот на досегашната соработка. Сојузот прелага и сопствен текст на Меморандумот.

**ЗАКЛУЧОК**: Се задолжува стручната служба да пристапи кон анализа на прават аи обврските кои произлегуваат од Предлог – Меморандумот за соработка, да преговара за усогласување на текстот со отстранување на широкиот обем на активности кои ЗЕЛС ги презема и во конечна верзија повторно да го достави на разгледување на Управниот одбор на ЗЕЛС

**ТРИНАЕСТА ТОЧКА**: Разгледување на иницијативата на општина Куманово за изменување и дополнување на Законот за експропријација

Со барањето на општина Куманово се потврдува проблемот со кој се соочуваат повеќе општини, односно поради недостиг на уреденост со Зкоанот во случаи кога заради реализација на јавен интерес преку градба на објекти за потребните на администрацијата на општината, не може да се спроведе постапка за ексропријација врз изградени објекти или делови од објекти кои се наоѓаат на самата градежна парцела. Со оглед дека станува збор за осетливо прашање, кое доколку биде во ваква форма овозможено за општината, би можело да ги изложи градоначалниците преку користење на правото утврдено со Закон да вршат експропријација на површини кои би се сметале за своеволие и што би се граничело со злоупотреба на службената положба и овластување.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја задолжи Комисиајта за урбанизам и просторно планирање да отвори дискусија за утврдување на Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за експропријација, во консултација и со прибирање на предлози и мислења од сите општини во Републиката, а текстот на иницијативата да биде доставен до Управниот одбор на ЗЕЛС на повторно разгледување.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Формирање на "лоби"** група во рамките на проектот за родова еднаквост подржан од UN Women

Управниот одбор беше запознат со иницијативата за формирање на “лоби” група заради афирмација на приоритетите утврдени со проектот за родова еднакцвост подржан од проектот на UN Women.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор заклучи дека за членови во оваа “лоби” група се назначуваат лицата

1. Наташа Петровска, градоначалничка на Општина Битола
2. Миликије Халими, градоначалничка на Општина Арачиново
3. Соња Стаменкова, градоначалничка на Општина Македонска Каменица
4. Жаклина Јовановска, градоначалничка на Општина Старо Нагоричане
5. Теута Арифи, градоначалничка на Општина Тетово
6. Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар
7. Борјанчо Мицевски, градоначалник на Општина Крива Паланка
8. Константин Георгиевски, градоначалник на Општина Охрид
9. Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово
10. Љубица Јанчева, претседателка на Совет на Град Скопје
11. Јана Белчева- Андреевска, претседателка на Совет на Општина Центар
12. Атина Мургашанска, претседателка на Совет на Општина Куманово
13. Лејла Исени, претседателка на Совет на Општина Липково
14. Изабела Павловска, претседателка на Совет на Општина Крива Паланка
15. Живка Ангелоска, претседателка на Совет на Општина Охрид
16. Ивана Цветковска, претседателка на Совет на Општина Аеродром

**ТОЧКА РАЗНО**

1. **Разгледување на содржината ма информацијата за донесување на нов Зкоанот за постапување со бесправо изградени објекти**

Управниот одбор повторно ги реафирмираше отворените прашања поврзани со доказната постапка, користење на јавно достапни сателитски снимки на интернет, висината на надоместокот за легализација и поведението на јавноста во врска со ажурноста да се поднесат барања за легализација на нелегалните градби.

Материјалите поврзани со информацијата, веднаш по приемот преку информацискиот систем е-влада беше доставен до сите општини во Републиката со барање за доставување на нивни забелешки, предлози и мислења.

До ЗЕЛС се доставени предлози коментари на текстот на информацијата од општините ЦЕНТАР, ДЕБАР, КРУШЕВО, ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО и КУМАНОВО.

**ЗАКЛУЧОК**:

- Управниот одбор на ЗЕЛС го разгледа текстот на доставената информација и пристигнатите предлози и мислења од неколку општини, при што од Министерството за транспорт и врски бара:

  - Со текстот на Предлог - Законот задолжително да се пропише доказната постапка, а особено начинот на кој ќе се докажува периодот во кој е изграден бесправниот објект.

  - Од досегашното искуство во постапувањето на општините, чест е случајот кога јавно достапните сателитски снимки на интернет не се земаат како доказ во постапките пред второстепените органи и надлежните Судови во постапки по изјавена жалба и тужба против актите донесени во постапката, заради што ЗЕЛС укажува на потребата со Предлог - Законот да се пропише и користење на извадок од сателитска снимка како веродостоен доказ, а истата да биде обезбедена институционално, односно од страна на државен орган, установа или институција, а истата да биде ставена на располагање на општините.

  - ЗЕЛС бара со новиот Предлог - Закон да се предвидат алтернативни решенија заради дискусија по истите, пред конечната одлука за конечно уредување на постапката на легализација на објекти кои се изградени на државно земјиште, објекти кои се наоѓаат на земјиште на кое е планирана изградба на објекти од јавен интерес или инфраструктурни објекти, како и легализација на објекти на земјиште кое не е опфатено со урбанистичко планска документација од било каков вид. Ова од причина што општините во иднина би биле доведени во неповолна положба да плаќаат за експропријација на легализиран објект заради изграба на инфраструктура или градба на објекти од јавен интерес од локално значење. Додека пак за категоријата на бесправни градби кои се наоѓаат на земјиште за кое не е донесена урбанистичко – планска документација, мора да с еима во предвид дека донесувањето на урбанистичките планови е скпа постапка и постапка која трае исклучително долго, а подрачјето на опфатот општините е голем.

  - ЗЕЛС е согласен со предлогот за висок износ на надоместокот за легализација на бесправните градби и предлага истиот да изнесува 150% од висината на актуелниот надоместок за уредување на градежбото земјиште за соодветното подрачје.

- По изготвувањето на текстот на Предлог - Законот, ЗЕЛС бара да се организира работна средба (тркалезна маса) на која ќе се поканата општините и на која ќе се дискутираат предложените решенија пред да се отпочне со постапка на донесување на овој Закон во Собранието на Републиката.

## 2. Разгледување на состојбата со долгови на Јавните претпријатија во општинска сопственост

Управниот одбор ја разгледа состојбата со долговите на јавните претпријатија кои сериозно го оптеретуваат буџетот на општините. Беше разгледан и концептот на донесување на

посебен Закон со кој ќе се отпишат каматите кон државните органи и институции. Вакво искуство има и во претходниот период кога на општините им се овозможува плаќање на преостанатиот долго на рати при што се извршил и отпис на задолжувањата по основ на неплатени камати.

Беше отворена и принципиелната дилема за тоа какви поволности, со вакви мерки, би им се овозможиле на некои општини, во услови кога останатите општини редовно ги сервисираат сопствените долгови и оние преземени од јавните претпријатија. Таков е случајот со неодамна донесениот Закон со кој на општините кои должат им беа дадени државни грантови во вкупна висина од 50 милиони евра. На ваков начин општините и граѓаните на овие подрачја се ставаат во нерамноправна положба.

**ЗАКЛУЧОК**: Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да се обрати до сите општини во Републиката и побара информација за вкупниот долг на јавните претпријатија кон државните органи, министерства институции и установи вклучително и долгот на јавните претпријатија заради утврдување на пресек и увид во висината на овие долгови.

Информацијата ќе биде разгледана на следната седница на Управниот одбор кога ќе бидат предложени мерки за нивно надминување.

***

**Скопје, 6 ноември, 2019 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**